РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-56/4
25.08.2014 год.
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
СКОПЈЕ

| Примено: | 26-08-2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 07-1797/1 | | |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ, на својата 29. седница одржана на 29.04.2014 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Електротехника и информациски технологии", трет циклус тригодишни студии на Факултет за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира нова студиска програма **„Електротехника и информациски технологии", трет циклус тригодишни студии на Факултет за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Доктор на науки, Подрачје на истражување - техничко - технолошки науки, Студиска програма - Електротехника и информациски системи,** Научно подрачје: Техничко - технолошки науки, научно - истражувачко поле: 202, 203, 204, 205, 212, 213, 218, 220, 224, 225, научна област: соодветни области од полињата според Меѓународната фраскатиева класификација.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на претходно донесената одлука на Наставно - научниот совет на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за организирање трет циклус тригодишна студиска програма „Електротехника и информациски

технологии“ и одлуката на Универзитетскиот сенат при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за усвојување на таа студиска програма, на 31.03.2014 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на 28. седница одржана на 31.03.2014, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 29. седница одржана на 29.04.2014 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски

## СПИСОК НА МЕНТОРИ ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Од прегледот на доставените информации за потенцијални ментори на докторски трудови на студиската програма на трет циклус студии за **Електротехника и информациски технологии,** Факултет за електротехника и информациски технологии Скопје, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје согласно Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010),Уредбата за изменување и дополнување на уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.168/2010), и Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009, бр.83/2009, бр.99/2009. Бр.115/2010 и бр.17/2011, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14) комисијата констатира исполнување на критериумите на следниот наставник:

1. Проф. д-р Александар Димишковски
2. Проф. д-р Антон Чаушевски
3. Проф. д-р Аристотел Тентов
4. Проф. д-р Атанас Илиев
5. Проф. д-р Борислав Поповски
6. Проф. д-р Вангел Фуштиќ
7. Проф. д-р Венцеслав Кафеџиски
8. Проф. д-р Владимир Димчев
9. Проф. д-р Георги Димировски
10. Проф. д-р Гога Цветковски
11. Проф. д-р Гоце Арсов
12. Проф. д-р Горан Рафајловски
13. Проф. д-р Зоран Хаџи - Велков
14. Проф. д-р Јован Стефановски
15. Проф. д-р Јисиф Ќосев
16. Проф. д-р Леонид Грчев
17. Проф. д-р Лидија Петковска
18. Проф. д-р Лилјана Гавриловска
19. Проф. д-р Љупчо Арсов
20. Проф. д-р Љупчо Караџинов
21. Проф. д-р Маргарита Гиновска
22. Проф. д-р Миле Станковски
23. Проф. д-р Рубин Талески
24. Проф. д-р Слободан Мирчевски
25. Проф. д-р Снежана Чундева
26. Проф. д-р Стојче Десковски
27. Проф. д-р Тони Јаневски
28. Проф. д-р Христина Спасевска
29. Проф. д-р Цветан Гавровски
30. Вон. проф. д-р Александар Ристески
31. Вон. проф. д-р Весна Арнаутовски - Тошева

32. Вон. проф. д-р Весна Борозан
33. Вон. проф. д-р Димитар Ташковски
34. Вон. проф. д-р Зоран Ивановски
35. Вон. проф. д-р Катерина Ралева
36. Вон. проф. д-р Крсте Најденкоски
37. Вон. проф. д-р Марија Чундева - Блајер

Акредитацијата на докторските студии се однесува за 111 студенти, освен во случаеви кога цитираните професори веќе се ангажирани како ментори на докторски трудови.

**Напомена:** Согласно член 16 став2 од Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник на РМ бр.103/2010) еден професор може да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него се обучуваат за научна работа.
Согласно пак член 14 став 2 од Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник на РМ бр.103/2010) ист ментор не може да се пријавува на повеќе од две студиски програми.

**Научниот колегиум на докторските студии** да внимава за исполнување на погоре споменатите законски стандарди.

Заменик претседател на
Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски